РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**За: д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar | 13.08.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 3910 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како: <u>контролен</u>**

**2. Субјекти на надзорот:** Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани

**3. Датум на извршување на надзорот:** 13.08.2019 година.

**4. Предмет на надзорот:**Надзорот се врши со цел да се утврди дали Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани постапило по Решението за преземање мерка-јавна опомена, односно дали истото пренесувало кинематографски дела во согласност со член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**5. Претходно изречени мерки:**

Решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп.1 бр.03-326 од 04.07.2019 година), со кое на радиодифузерот му се наложува веднаш по приемот да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Решението е донесено врз основа на Писмен извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-3189/1 од 19.06.2019 година.

Решението е уредно примено на 05.07.2019 година.

**6. Констатација од надзорот:** Со контролниот надзор врз Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани констатирано е дека радиодифузерот **<u>постапил во целост по упатеното решение, односно го усогласил своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.</u>**

<u>Образложение:</u> На 29.07.2019 година, со писмен допис бр.03-3176/6, Агенцијата побара од Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани во рок од седум дена од денот да приемот на дописот да достави договори склучени со имателите на права за следните емитувани играни филмови:

| наслов на игран филм | датум на емитување | почетно време на емитување |
|---|---|---|
| ***Таен милионер/Secret Millionaire*** | 19.07.2019 | 23:24:00 |
| ***Си беше еден состанок/Once upon a date*** | 22.07.2019 | 00:33:00 |
| ***Еден час наназад/An hour behind*** | 22.07.2019 | 01:57:10 |
| ***Подарок во куфер/Holiday Baggage*** | 23.07.2019 | 23:17:10 |

Во утврдениот рок Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани достави Договор за отстапување на права за емитување на телевизиска програма и Анекс (наш бр.03-3117/7 од 08.08.2019 година), склучени со Друштво за производство на филм и телевизиска програма ПРОДУКЦИЈА СИДОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, од коишто може да се констатира дека радиодифузерот ги има регулирано правата за емитување на наведените филмови.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**